# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

University American College Skopje | Enterprise



**Протоколот што како поим го среќаваме во секојдневната комуникација е еден од најзначајните сегменти во меѓународната комуникација и соработка на секоја држава. Во негова надлежност се протоколарните и церемонијалните активности, упатувањето на покани за посети и комуникација со странски претставници, писмената кореспонденција, организирањето на приеми, свечености и други настани. Тој ја има организациската улога при посети на официјални претставници на државите или на меѓународните организации, на нивните средби на државно или локално ниво или на меѓународни настани. Со еден збор, протоколот го претставува степенот на организираност на една држава.**

## ШТО ОПФАЌА ОБУКАТА?

- Вовед во протоколот: значење и практична примена на церемонијал и пресеанс
- Етикеција и организирање средби, посети, службени вечери
- Основи на меѓународна кореспонденција
- Практични вежби

## ЦЕЛ НА ОБУКАТА

- Да се воспостават професионални стандарди во примената на протоколот и церемонијалот во остварувањето на меѓународната соработка на државно и на локално ниво.
- Да се надминат присутните слабости произлезени од не докрај дефинираните национални прописи, како и од недоволниот степен на познавање на овој мошне значаен сегмент кај дел од вработените во државните и во локалните органи, кои остваруваат меѓународна соработка.

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА ОБУКАТА?

- За вработени во државната и јавната администрација (министерства, агенции, јавни претпријатија и општини), кои во својот делокруг на работа остваруваат меѓународна соработка.

## ЗОШТО ТРЕБА ДА УЧЕСТВУВАТЕ?

- Заради стекнување теориски и практични знаења и нивна примена во секојдневната работа.
- Заради подигање на степенот на стручност и оспособеност за извршување на поставените задачи
- Заради градење позитивен имиџ на Република Македонија во светот.

## АВТОР НА ПРОЕКТОТ Е АМБАСАДОРОТ Д-Р ДАНЧО МАРКОВСКИ.

Дипломат од кариера и доцент на Универзитетот Американ колеџ Скопје. Во својата триесет и пет годишна дипломатска кариера ги поминал скалилата од аташе до амбасадор. Службувал во амбасадите во Либија, Турција, Шведска, Кина и Хрватска. Се занимава со теорија од областа на меѓународната политика, меѓународните односи, дипломатското и конзуларното право.
Автор е на книгите „Дипломатија, организација и практика“, „Consular service organization and practice” и „Современи дипломатски методи и нивната примена во македонската дипломатија“.

## ЦЕНА НА ОБУКАТА: 7,800 ДЕНАРИ ЗА ЕДЕН УЧЕСНИК.

**За институции од кои ќе се пријават 3 или повеќе учесници, следува попуст од 20%!**
**Во цената се вклучени кафе паузи, ручек и работни материјали.**
**Секој учесник добива сертификат за завршена обука од Универзитетот Американ колеџ Скопје.**

## ТЕРМИН

**21 јуни 2018 година**
**Времетраење: од 9.00 до 16.00 часот**
**Место: УАКС**
**Работен јазик: македонски**


**Пријави и контакт:**
**Рахела Евтимова**
**тел.: + 389 (0)2 2463 156; +389(0)78 455 149**
rahela.evtimova@uacs.edu.mk